Врз основа на член 9 став (2) од Законот за финансиски друштва („Службен весник на Република Македонија“ бр.158/2010 и 169/2010), министерот за финансии донесе

# ПРАВИЛНИК
## за видот на документите за исполнување на условите за член на орган на управување со финансиско друштво

### Член 1

Со овој правилник се пропишува видот на документите со кои се докажува исполнувањето на условите за член на орган на управување со финансиско друштво.

### Член 2

За исполнување на условот предложениот член на орган на управување да има три години успешно работно искуство во областа на финансиите или банкарството, предложениот член на орган на управување доставува:

- кратка биографија на предложениот член од која ќе се види неговото работно искуство,

-потврда за вработување од Агенцијата за вработување и

-препораки од кои ќе се види работното искуство во областа на финансиите или банкарството.

За исполнување на условот предложениот член на орган на управување да не бил одговорно лице во трговско друштво над кое е поведена стечајна постапка, предложениот член на орган на управување приложува изјава под полна морална, материјална и кривична одговорност.

За исполнување на условот предложениот член на орган на управување да не е член на орган на управување со банка, филијала на странска банка или штедилница, предложениот член на орган на управување приложува изјава под полна морална, материјална и кривична одговорност

Кон документите од ставот 1 на овој член се приложува и копија од личната карта, односно за странско физичко лице копија од пасошот на предложениот член на органот на управување.

### Член 3

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на негово објавување во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.12-<br>17 февруари 2011 година<br>Скопје

МИНИСТЕР ЗА ФИНАНСИИ<br>м-р Зоран Ставрески